1. 157. 3. 12/59



ПРЕЗИДИУМ НА АСНОМ

Бр.61

3 ноември 1944 год.

Горно-Врановци

ДО ОБЛАСНИТЕ НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНИ ОДБОРИ

Братскиот Совйетски Сойуз,кои води гигантска борба против омразниот фашизам и носи слобода на сите поробени народи,па и на македонскиот народ,на 7 ноември слави свойот найголем ден - денот на Октомвриската Револуцийа,од койа никна Совйетскиот Сойуз и прославената Црвена Армийа.

По повод на това,Президиумот на АСНОМ на своето заседание на 3 ов.м.реши:

Денот на Октомвриската Револуцийа 7 ноември да се прослави и одпразнува во нашиот народ како найголем празник во сите краишта на Македонийа.На секаде да се истакнат совйетски,македонски и йугословенски знаминйа.По сите градови и села да се одржат митинзи,на кой ке се изрази нашата голема лйубов кон братскиот Совйетски Сойуз,непобедимата Црвена Армийа и неговиот гениален водач Маршал Сталин.

Од митинзите да се изпратат поздравни телеграми до Маршал Сталин,Маршал Толбухин,Маршал Тито и Председателот на АВНОЙ Др.Иван Рибар.

СМРТ НА ФАШИЗАМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

За СЕКРЕТАР,

Б. [signature]

За ПРЕДСЕДАТЕЛ,

П. [signature]